АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



Мај, 2021г. Бр.5

## Францускиот амбасадор Сирил Бомгартнер во работна посета на АВМУ



Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски на 7 мај 2021 година, оствари работна средба со делегација на амбасадата на Република Франција, предводена од амбасадорот Сирил Бомгартнер.

Фокусот на средбата беше ставен на можноста за зголемување на бројот на француски телевизии кои се реемитуваат преку кабелските оператори.

Ваквиот чекор, како што оценија двете страни, ќе придонесе за дополнително приближување меѓу двете култури, размена на вредности, како и за поголема достапност на содржини кои би придонеле за полесно изучување и усовршување на францускиот јазик.

## Соопштение за јавност

На 18 мај 2021 година, во врска со изјавите на премиерот Зоран Заев во интервјуто за неделникот „Фокус", поврзани со првата епизода „Заговор против воздухот" од документарниот серијал „Редакција" на Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ), Агенцијата преку соопштение потенцираше дека носителите на јавни функции треба да се воздржат од јавно изнесување ставови со кои се изразува сомнеж во кредибилноста на истражувачките новинарски стории.

Истражувачкото новинарство е клучно во остварувањето на улогата на медиумите да ги откриваат и анализираат прашањата од јавен интерес и да служат како коректив на властите. Во овој контекст, новинарите не треба да бидат обесхрабрувани, напротив, треба да се поттикнуваат во истражувањето различни теми поврзани со евентуални појави на корупција или злоупотреби од страна на институции или поединци. Доколку некоја засегната страна смета дека не се испочитувани стандардите и принципите на однесување утврдени во новинарските кодекси може да ги искористи постоечките механизми и да се обрати до саморегулаторните тела.

## Информацијата како јавно добро – тема на Светскиот ден на слобода на печатот

На 03 мај 2021 година, под покровителство на Обединетите нации, се одбележаа Светскиот ден на слобода на печатот, чија тема „Информацијата како јавно добро" имаше за цел да ја афирмира важноста на ова прашање и да укаже на неопходноста од зајакнување на новинарството. Годинава, како клучни беа издвоени три поттеми: обезбедување економска одржливост на медиумите, креирање механизми за обезбедување транспарентност на интернет-компаниите и унапредување на капацитетите за медиумска и информативна писменост кои им овозможуваат на граѓаните да го препознаат, вреднуваат и заштитат новинарството како витален дел од информацијата како јавно добро.

Актуелната пандемија на COVID-19 негативно се одразува врз економското работење на медиумите и медиумскиот плурализам и придонесува за глобална појава на „инфодемија, поради што, како што потсети Агенцијата, сега повеќе од било кога е потребно да се одржи и заштити независноста на медиумите и да се промовира известување базирано на факти кое е клучно за јавното добро на глобално ниво.

## Отворена јавна расправа за НАЦРТ-Правилник за изменување и дополнување на правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма

Советот на Агенцијата на 13-та седница одржана на 18 мај, усвои НАЦРТ-Правилник за изменување и дополнување на правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма. По текстот за Нацрт-измената на Правилникот беше отворена јавна расправа која траеше 30 дена.

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ и печатени медиуми

### Радиодифузери

При вонреден административен надзор, реализиран по службена должност врз „ТВ Нова" од Гевгелија, Агенцијата констатираше дека радиодифузерот спровел промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата, што е спротивно на ЗААВМУ.



*NEWSLETTER*

Вонреден административен надзор е извршен врз сите 111 радиодифузери, за да се констатира дали некој радиодифузер извршил промена на сопственичката структура без да ја извести Агенцијата и пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата. При надзорот не беа констатирани прекршувања.

Агенцијата изврши редовен административен надзор врз сите 111 радиодифузери коишто емитуваат ТВ или радио програма, за обврската до 31 март, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да доставаат податоци за сопственичка структура, уредништвото, извори на финансирање во претходната година, остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за просечната гледаност или слушаност во претходната година. Надзорот покажа дека обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми во целост ја исполниле сите 111 радиодифузери.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Врз операторот Тотал ТВ, извршен е редовен програмски надзор за обврската во својот програмски пакет задолжително и бесплатно да ги обезбеди програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис. При надзорот беше констатирано дека операторот кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на РСМ, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси „МРТ2“, „МРТ3“, „МРТ4“ и „МРТ5“, што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

За обврската операторите кои реемитуваат програмски сервиси, во програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, е извршен редовен програмски надзор врз 14 кабелски оператори. Надзорот покажа дека сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи опфатени со надзорот постапиле согласно обврската од ЗААВМУ.

За обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите, извршен е редовен програмски надзор врз операторите „Нафи и Беко“и „Дрим Сат ИПТВ“, и двата од Гостивар. При надзорот констатирано беше дека кабелскиот оператор „Дрим Сат ИПТВ“ за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „ТВ Тера“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмски пакети издадени од Агенцијата.

Редовен програмски надзор за обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите е извршен врз „Кабел Л Нет“, „Кабел Нет“, „Македонски Телеком“ и „Вива Нет“. При надзорот беше констатирано дека операторот „Вива Нет“, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Берово, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Agro TV“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз операторот „Алтра Сат 2000“ од Охрид, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали операторот постапил по мерката јавна опомена упатена заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата, согласно член 141 од ЗААВМУ. Надзорот покажа дека операторот „Алтра Сат 2000“ во целост постапил по решението упатено од Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши редовен програмски надзор врз 17 оператори на јавни електронски комуникациски мрежи. Предмет на надзорот беше обврската, операторот кој реемитува програмски сервис да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис. Со надзорот беше констатирано дека обврската од член 143 став 3 од ЗААВМУ е во целост исполнета кај сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи.

За обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите, извршен е редовен програмски надзор врз операторот „Винсат Кабел“ од Виница. Со извршениот програмски надзор не беа констатирани прекршувања.

Врз операторот „Пет Нет“ од Гевгелија, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали операторот постапил по мерката јавна опомена упатена заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата, согласно член 141 од ЗААВМУ. Надзорот покажа дека операторот „Пет-Нет“ во целост постапил по решението упатено од Агенцијата.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*

## Печатени медиуми

Врз Друштвото за производство, трговија и услуги „Колор Медиа Плус“ од Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, извршен е контролен административен надзор за да се утврди дали е постапено по мерката јавна опомена, изречена заради неисполнување на обврската за објавување импресум. По извршениот надзор на изданието бр.149 на „Убавина и здравје“ за 2021 година конастатирано беше дека во целост постапило по решението за преземање мерка-јавна опомена.

## Изречени мерки јавна опомена

На 14-та седница одржана на 21 мај 2021 година, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на „Антиќ Медиа“ издавач на „Портрет“, заради необјавени податоци за импресум.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401**
**е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk**

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018